# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА

# ОПШТИНА КАРПОШ

Број 2 * година VI* 07.02.2011 година * Карпош * цена:

Излегува по потреба

e-mail: kontakt@karpos.gov.mk, www.karpos.gov.mk

Скопје, Февруари 2011 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт- Детален урбанистички план за дел од УЗ Тафталиџе 30,Блок ГУЦ Здравко Цветковски, Општина Карпош- Скопје

1.Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт- Детален урбанистички план за дел од УЗ Тафталиџе 30,Блок ГУЦ Здравко Цветковски, Општина Карпош- Скопје донесена на Триесет и првата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 04 февруари 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08- 1199/1**
**07.02.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 и 2 и член 26 став 4 алинеа 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/2003, 137/2007, 91/09 и 124/2010) и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) Советот на Општина Карпош на Триесет и првата седница одржана на 04 февруари 2011 година донесе

**О Д Л У К А**

за утврдување на Нацрт- Детален урбанистички план за дел од УЗ Тафталиџе 30,Блок ГУЦ Здравко Цветковски, Општина Карпош- Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт-Детален урбанистички план за дел од УЗ Тафталиџе 30,Блок ГУЦ Здравко Цветковски, Општина Карпош- Скопје.

Нацрт-Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, барањата во Програмата за содржината на Планот, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува Нацрт- Деталниот урбанистички план е дефиниран со следните граници:

**На североисток**: осовината на бул. “Партизански одреди“

**На југоисток**: осовината на Бул. „8-ми септември “

**На северозапад**: осовината на ул. “Париска “

**На југозапад**: осовина на ул.“Иван Милутиновиќ“

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 5,9 ха.

**Член 3**

Опфатот на Нацрт-Деталниот урбанистички план, ги содржи следните намени: образование,домување во станбени згради со компатибилна намена, комунална супраструктура и зеленило.

Во рамките на овој локалитет предвидени се намени, согласно со namените во Генералниот урбанистички план на Град Скопје од 2002 година.
Во рамките на Нацрт-планот се предвидени следните класи и намени:
**В1-образование**
**А2-домување станбени згради**
**Е2-Комунална супраструктура**
**Д2-Заштитно зеленило**

Максималната висина за градба во планот се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри и истата се надополнува со планска одредба која го ограничува бројот на спратови кој може да се гради во одредена височина,при што максималната висина на објектите изнесува H max = 21 м.

Со Нацрт-планот се одредени:

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/,
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објект /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот / до завршниот венец / одниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Нацрт-Деталниот урбанистички план содржи:

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
-Вовед
-Географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат
-Историјат на планирањето и уредувањето на подрачје на планскиот опфат
-Податоци за природни чинители

-Податоци за создадени вредности и чинители
-Инвентаризација на изграден градежен фонд и инфраструктура
- Инвентаризација на постоечки споменични целини
- Инвентаризација на постојна комунална инфраструктура
-Степен на реализација на важечки планови
-Анализа на можности за просторен развој
-Извод од Генерален урбанистички план
-Нумерички показатели

## ГРАФИЧКИ ДЕЛ

| | |
|---|---|
| -Извод од ГУП | 1 : 2500 |
| -Ажурирана геодетска подлога | 1 : 1000 |
| -Инвентаризација на градежен фонд-бесправна градба | 1 : 1000 |
| -Инвентаризација на градежен фонд | 1 : 1000 |
| -Инвентаризација на инфраструктурен фонд | 1 : 1000 |

## ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

-Вид на план и плански период
-Географска и геодетска местоположба со гарница на планскиот опфат
-Текстуални одредби од планови од повисоко ниво
-Планска програма
-Опис и образложение на плански концепт за просторен развој
-Опис и образложение на плански решенија
-Економско образложение за начинот,обемот и динамиката на финансирање на реализација на планските решенија
-Мерки за заштита
-Општи услови за изградба
-Посебни услови за изградба
-Нумерички дел
-Билансни показатели

## ГРАФИЧКИ ДЕЛ

| | |
|---|---|
| -План на намена на земјиштето и градбите | 1:1000 |
| -Регулационен план и план на површини за градење | 1:1000 |
| -Сообраќаен план и нивелациски план | 1:1000 |
| -Инфраструктурен план и хортикултурен план | 1:1000 |
| -Синтезен план | 1:1000 |

**Член 5**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел,
- Графички прилози,
- Основни параметри за уредување на просторот, и
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 6**

Градоначалникот на Општина Карпош ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Деталниот урбанистички план за кој претходно е добиено мислење од Комисијата за давање мислења на нацрт плановите, со утврдување на времето и местото каде ќе биде изложен планот и спроведувањето на Јавната презентација и Јавната анкета.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува восила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07- 956/1 | ПРЕТСЕДАВАЧ
04.02.2011 година | НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
С к о п ј е | **Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за изградба на дворни огради на индивидуалните станбени куќи на подрачјето на Општина Карпош заради реализација на деталните урбанистички планови

1.Се објавува Одлуката за изградба на дворни огради на индивидуалните станбени куќи на подрачјето на Општина Карпош заради реализација на деталните урбанистички планови донесена на Триесет и првата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 04 февруари 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-1199/2**
**07.02.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 16 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош"бр. 01/2006) Советот на Општина Карпош на Триесет и првата седница одржана на 04 февруари 2011 година донесе

**О Д Л У К А**

за изградба на дворни огради на индивидуалните станбени куќи на подрачјето на Општина Карпош заради реализација на деталните урбанистички планови

**член 1**

Со оваа Одлука се одобрува изградба на дворни огради на индивидуалните станбени куќи на подрачјето на Општина Карпош заради реализација на деталните урбанистички планови.

**член 2**

Заради реализација на деталните урбанистички планови на подрачјето на Општина Карпош изградбата на дворните огради на индивидуалните станбени куќи ќе се врши со отстапување на дел од нивните дворни места во широчина од 1,5 метар и по должина на дворните места према улиците, по претходно добиена согласност од сопствениците на објектите.

Член 3

Се задолжуваат стручните служби на Општина Карпош да ја обезбедат потребната документација за реализација на деталните урбанистички планови со изработка на геодетски елеборати за нумерички податоци.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07 – 956/2
04.02.2011 година
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Трифун Трифуновски,**с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на Одлуката за исплата на заостанат долг**

1.Се објавува Одлуката за исплата на заостанат долг донесена на Триесет и првата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 04 февруари 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08- 1199/3**
**07.02.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 16 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош"бр. 01/2006) Советот на Општина Карпош на Триесет и првата седница одржана на 04 февруари 2011 година донесе

## О Д Л У К А
за исплата на заостанат долг на рати

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува Општина Карпош на “Гранит“ АД Скопје, заради регулирање на должничко доверителските односи да му го исплати долгот во износ од 4.807.015,00 денари по основ на правосилна извршна пресуда 5ТС 1490/09, на четири еднакви месечни рати сметано од 15.02.2011 година заклучно со 15.05.2011 година.

**Член 2**

Исплатата на долгот ќе се врши согласно спогодба потпишана помеѓу двете страни.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07 – 956/3
04.02..2011 година
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Трифун Трифуновски,**с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на Заклучок

1.Се објавува Заклучокот Советот и Градоначалникот на Општина Карпош да побараат од Министерството за здравство Информација за причините за смртта на Атина Бојаџи, заслужен граѓанин на Општина Карпош и легенда на македонскиот спорт донесен на Триесет и првата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 04 февруари 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08- 1199/4**
**07.02.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 16 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош"бр. 01/2006) Советот на Општина Карпош на Триесет и првата седница одржана на 04 февруари 2011 година донесе

## З А К Л У Ч О К

1.Советот и Градоначалникот на Општина Карпош да побараат од Министерството за здравство Информација за причините за смртта на Атина Бојаџи, заслужен граѓанин на Општина Карпош и легенда на македонскиот спорт.

2.Барањето да се достави до Министерството за здравство.

3.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07–956/4<br>
04.02.2011 година<br>
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ<br>
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ<br>
Трифун Трифуновски **,с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

1.- Одлуката за утврдување на Нацрт- Детален урбанистички план за дел од УЗ Тафталице 30, Блок ГУЦ Здравко Цветковски, Општина Карпош- Скопје со решение за објавување ............................... 2-6

2.-Одлука за изградба на дворни огради на индивидуалните станбени куќи на подрачјето на Општина Карпош заради реализација на деталните урбанистички планови со Решение за објавување ................................ 7-8

3.- Одлука за исплата на заостанат долг на рати со Решение за објавување ................................ 9-10

4.- Заклучок со Решение за објавување ................................ 11-12

**Издавач:**Општина Карпош
**Уредува**: Сектор за правни работи – Одделение за поддршка за работатта на Советот
**Адреса:** Бул.“Партизански одреди“ бр.68, тел.3065-925
**Тираж:** 50 примероци